Потврда за ова е и дописот од ЈП „Комуналец " – Неготино со арх. бр. УПI 08-90/2 од 13.08.2021 година.

Електроенергетска инфраструктура
По барање на податоци до Електродистрибуција ДООЕЛ – Скопје, добиени се информации дека во предметната локација не постојат електроенергетски обекти и инфраструктура.
Потврда за ова е и дописот од Електродистрибуција ДООЕЛ – Скопје со арх. бр. 10-55/7-301 од 29.06.2021 година.

Телекомуникациска мрежа
По барање на податоци до Македонски Телеком АД – Скопје, добиени се информации дека во предметната локација не постојат телекомуникациски инсталации.
Потврда за ова е и дописот од Македонски Телеком АД – Скопје со арх. бр. 36550 од 02.07.2021 година.

Инвентаризација на постојни споменични целини, градби од културно-историско значење и културни предели (заштитно-конзерваторски основи)

Во рамките на проектниот опфат на предметниот Урбанистички проект за градежно земјиште со намена за Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија, е констатирано дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ, (СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА)

Проектниот опфат претставува неизградено земјиште, во К.О.Војшанци, Општина Неготино.

Целта на овој Урбанистички проект е обезбедување планска документација за објект – површински соларни и фотоволтаични електрани и водови за пренос на електрична енергија и истиот би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и соодветно сообраќајно решение.
Вакви и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата, развој и уредување на населените места.

Врз основа на оваа документација, ќе се изработат проектни документации, кои ќе ги дефинираат техничките решенија, за целосна реализација на производството, во функција на зголемување на нивото на квалитетен живот на корисниците.
Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија на КП бр.264, КП бр. 267, КП бр. 268/1 и КП бр. 269, К.О. Војшанци, Општина Неготино ќе биде основа при изработка на деталните урбанистички планови на опфатите лоцирани покрај планираниот проектен опфат.

Наменска употреба на земјиште
Со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето, односно класи на намени:

Е-ИНФРАСТРУКТУРИ
Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани
Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија

СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Пристапот кон градежната парцела се планира да биде од улицата која го тангира проектниот опфат од југозападната страна и истиот е со ширина на сообраќајната лента од 5м.
Објектот нема потреба од константен –секојдневен пристап на возила, освен за периодично одржување и со тоа и пристап на едно возило. Во рамките на проектниот опфат планиран е и паркинг простор за 3 возила.
Со планираниот пристап се создаваат поволни сообраќајни услови за непречено одвивање на сообраќајот.

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Водоснабдување

Поради тоа што во рамките на проектниот опфат на урбанистичкиот проект објектот работи без посада, односно нема постојани вработени, па поради тоа нема потреба од планирани водоводни инсталации.

Фекална канализациона мрежа

Поради тоа што во рамките на проектниот опфат на урбанистичкиот проект објектот работи без посада, односно нема постојани вработени, па поради тоа нема потреба од планирани канализациони инсталации.

Електро-енергетика

Електро снабдувањето на проектниот опфат ќе се врши со сопствена трафостаница која се наоѓа во проектниот опфат и која би се користела за сопствена употреба.

Услови за приближување до електро енергетски објекти

- Целосно да се почитуваат законските и подзаконските прописи и работни норми кај сите вкрстувања и приближувања кон објектите на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје;
- Навремено, пред почетокот на градежните работи во близина на дистрибутивната мрежа, потребно е изведбата на градежните работи да се координира со Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, при што неопходните заштитни мерки треба да се утврдат договорено;
- При работа во близина на високонапонски кабелски и воздушни водови, потребно е придржување кон упатствата за превенција од предизвикување на штети за работниците ракувачи со кранови и багери, за заштита на каблите и

условите за одобрение за работа со распрскувачки материјали;
- Доколку при изградбата на објектот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и постројки на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација;
- Во случај на настанување на штета на електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Со урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 се разработуваат површини за фотоволтаични електрани во проектниот опфат.

Изградбата и осовременување на проектниот опфат мора да биде во согласност со прописи во делот на високоградбата а врз основа на основни проекти кои се базираат на концептите на урбанистичкиот план и параметри за нивно споредување.

Планираниот проектен опфат излегува на локален – општински патен правец.
Пристапот кон градежната парцела ГП 1.1 се планира да биде од улицата која го тангира проектниот опфат од југозападната страна.
Со пристапот се создаваат поволни сообраќајни услови за непречено одвивање на сообраќајот до проектниот опфат.
Согласно член 102 став 7 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), комплексните градби составени од повеќе површини за градење или комплексите што содржат повеќе градби во една градежна парцела, по правило се уредуваат во две фази:
- Во првата фаза тие се уредуваат во урбанистички план во кој се одредува поголема рамковна површина за градење и се одредува процент на изграденост на земјиштето како планска одредба што квантитативно ја ограничува површината за градење која ќе се дефинира во урбанистички проект, и
- Во втората фаза рамковната површина за градење се разработува во урбанистички проект во кој се одредува точната површина за градење, како и нејзината големина и форма.

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

5.1. Мерки за заштита на животната средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни

богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ е регулирана со Законот за животна средина. Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух;
- Закон за води;
- Закон за заштита од бучава во животната средина;
- Закон за управување со отпадот;
- Закон за заштита на природата и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина, како нераздвоен елемент на современото планирање, уредување и урбанизација на просторот игра клучна улога во донесувањето на планските решенија во сите фази од изработка на предметниот урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани.

5.1.1. Мерки за управување со отпадот

Согласно Законот за управување со отпад, создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на отпадните материи во депонија. Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред истиот да биде одложен на депонија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на Урбанистичкиот проект за градежно земјиште со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитата на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5.1.2. Мерки за заштита на воздухот

Квалитетот на воздух е прецизиран во Уредбата за гранични вредности особено за нивоата и видовите на загадувачките супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели за озонот. Уредбата поставува гранични вредности за нивоата на концентрација, маргини за толеранција и рокови за постигнување на граничните вредности за сулфур диоксид, азот диоксид и азотен оксид, суспендирани честички со големина од десет микрометри (PM10), олово, бензин, јаглерод моноксид.

Ширината на зоната за санитарна заштита зависи од класата во која спаѓа објектот што го загадува воздухот. Во зависност од ружата на ветрови, географско-климатските, топографските и метеоролошките услови, ширината на зоната за санитарна заштита спрема одделни страни може да биде поголема или помала од горенаведената.

5.1.3 Мерки за заштита на водите

Со Законот за води се уредени обврските кои се однесуваат на Правните и физичките лица кои испуштаат отпадни води, а кои се должни да инсталираат инструменти за мерење на испуштените количества на води и анализа на нивниот квалитет и да ги одржуваат

инструментите во исправна состојба, да водат записи за извршените мерења и овие податоци да ги доставуваат до МЖСПП и Министерство за здравство. Правните и физичките лица, кои испуштаат отпадни води што содржат опасни материи и супстанции, се должни да инсталираат инструменти за мерење на испуштените количества на води и да извршат анализа на нивниот квалитет, како и да ги одржуваат инструментите во исправна состојба, да водат записи за извршените мерења и овие податоци да ги доставуваат до МЖСПП и Министерство за здравство. Квалитетот на водата во однос на специфичната цел за нејзината употреба, согласно Законот за води, е утврден преку класификација и категоризација на водните ресурси, езера, акумулации и подземни води.

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, при изведувањето на градежните активности на предметното подрачје потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво во близина на водните тела.

Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритото на водотекот и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.

5.1.4 Мерки за заштита од бучава во животната средина

Во насока на минимизирање на бучавата во периодот на градба, се препорачува употреба на современа механизација и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина.

При вршењето на предвидените активности да се превземат дејства за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

5.1.5 Заштита на биолошката разновидност и други природни богатства (мерки за заштита на природата)

Во современото планирање на просторот, мерките и активностите за заштитата на природата се насочени кон активно уредување и заштита на природата и средината во која човекот живее и работи.

Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.

Да се обезбеди заштита, унапредување и адекватно користење на

природните предели, амбиентите и пејсажите во просторот во насока на зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот.

Доколку при изработка на документација од пониско ниво се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое може да биде загрозено со изградбата, потребно е да се превземат мерки за заштита согласно со Закон.

5.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Воведен дел:

Мерките за заштита и спасување (ЗС) во Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија на КП бр.264, КП бр. 267, КП бр. 268/1 и КП бр. 269, К.О. Војшанци, Општина Неготино, се вградени врз основа на Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16).

Опис на локацијата и објектите (основни податоци во врска со Заштита и спасување и кратка процена на загрозеноста на проектниот опфат (ПО)

а)Општи карактеристики

Проектниот опфат е лоциран на КП бр.264, КП бр. 267, КП бр. 268/1 и КП бр. 269, К.О. Војшанци, Општина Неготино. Проектниот опфат претставува градежно земјиште со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија.
Површината на проектниот опфат изнесува 1.9ха.

Предвидени класи на намени:

Е-ИНФРАСТРУКТУРИ
Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани
Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија

-Теренот на местото на ПО е со благ пад, а почвата е со релативно добри геомеханички карактеристики и со голема пошуменост. Во поглед на сеизмичката загрозеност опфатот се наоѓа во зона со коефициент на сеизмичност од 8 степени по Макросеизмичката скала (МСС);

-Предвидената густина на објектите и сообраќајната инфрастуктура во градежната парцела е со урбанистичко технички карактеристики со

кои се овозможуваат превентивните оперативните мерки за заштита и спасување.

б)Процена на загрозеноста на проектниот опфат и утврдување на потребните мерки за заштита и спасување

-Нема потреба за изградба на објекти за заштита (засолништа), со оглед дека Општина Неготино, а со тоа и третираниот проектен опфат се наоѓа во зона на воена загрозеност со III основен степен на загрозеност;

-Потребно е да се вградат мерки за заштита од пожари, соодветни на степенот на загрозеност на планскиот опфат.

Очекувано пожарно оптеретување е 420-840 KJ, што произлегува од оптеретување 25-50 кг/м². Тоа значи дека оптеретувањето е средно и појавениот пожар може да се пренесува во непосредната околина, што диктира поставување на противпожарни хидранти на 80-100м растојание.

Загрозеноста од евентуални шумски пожари е мала;

-Со оглед на тоа дека поширокиот реон во кој се наоѓа третираниот проектен опфат не е регистриран по присуството на заостанати неексплодирани убојни средства (НУС), нема потреба во планската документација да се вградат превентивни мерки за заштита од истите;

-Со оглед на тоа дека проектниот опфат се наоѓа во сеимичка зона (8 степени по МСС), треба да бидат застапени соодветни превентивни технички мерки;

в)Заклучок

Согласно член 6 од Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите (Сл.В.На РМ бр.105/05), врз основа на процената на загрозеност на проектниот опфат во Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија на КП бр.264, КП бр. 267, КП бр. 268/1 и КП бр. 269, К.О. Војшанци, Општина Неготино, за истиот, спрема член 61 од Законот за заштита и спасување се опфатени следните урбанистичко-технички мерки за заштита и спасување:

-Заштита и спасување од пожари,експлозии и опасни материи;

-Заштита и спасување од урнатини;

-Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи;

-Заштита и спасување од поплави.

Со вградување на истите ќе се овозможи преземање и непречено реализирање и на потребните хуманитарни мерки - евакуација – прва медицинска помош.

1.Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Согласно член 68, став 3 од Законот за ЗС (прочистен текст) во Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија на КП бр.264, КП бр. 267, КП бр. 268/1 и КП бр. 269, К.О. Војшанци, Општина Неготино на третираниот ПО опфатени се потребните превентивни мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи со планираните урбанистички решенија во ПО и предвидената примена на техничките нормативи при понатамошната фаза на проектирање и изградба на планираните објекти во истиот, и тоа:

-Бидејќи во близина на проектниот опфат има водоводна мрежа, согласно член 76 од Законот за ЗС планирано е потребниот проток на вода за гасење на пожари да се обезбеди со приклучок од водоводната мрежа во рамките на проектниот опфат.

-Во рамките на поширокото опкружување на проектниот опфат предвидена е изградба на **хидрантска мрежа** за гасење пожари, регулирано со Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари.

Со оглед на површината на опфатот, мрежата е предвидена со поставување на надворешни хидранти со пречник 80 до 100мм, на меѓусебно растојание помало од 80м, со пречник на разводниот цевовод не помал од 100мм со проток на вода од 10 л/сек и обезбеден потребен-пресметан притисок (5 бари) на местото на потрошувачката, кој не смее да биде помал од 2,5 бари (член 17, 20 и 21 од гореспомнатиот Правилник).

Надворешните хидранти се предвидени надземни, а доколку го попречуваат сообраќајот, се предвидува поставување на подземни хидранти, согласно член 19 од гореспомнатиот Правилник. Хидрантите треба да бидат лесно достапни и постојано подготвени за употреба и на растојание од 5-10м од објектите.

-Предвидена прописна оддалеченост меѓу објектите која не дозволува префрлање на евентуалниот пожар од еден на друг објект.

Предвидени прописни улици со ширина на коловозот од 3.5м со што е обезбеден непречен пристап на ПП и други возила.

-Внатрешно сообраќајно решение (сообраќајници и платоа) овозможува непречен пристап и маневар на силите и средствата за гасење пожари. Носивоста на коловозот на сообраќајниците треба да изнесува 10 тони на осовинско оптеретување, а минималната ширина на едносмерна сообраќајница изнесува 3,50м.

-Избор на градежни материјали за изградба на предвидените објекти со конструктивни елементи со потребен степен на отпорност на пожари.

• Со наведените урбанистичко-технички мерки се овозможува и примената на оперативните мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување, како и давање помош при отстранување на последиците.

2. Заштита и спасување од урнатини

Согласно член 8 од Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од урнатини (Сл.Весник на РМ бр.98/2005) во Урбанистички проект за градежно земјиште со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија на КП бр.264, КП бр. 267, КП бр. 268/1 и КП бр. 269, К.О. Војшанци, Општина Неготино утврдени се следните мерки за заштита и спасување од урнатини:

-Оптималната отпорност на објектите од уривање предизвикано од сеизмички потреси изнесува 8 степени по МСС, поради што проектирањето на истите треба да се врши со наведениот коефициент на сеизмичност и со правилен избор на соодветен конструктивен систем и градежни материјали.

-Со оглед на вкупната површина на опфатот, се претпоставува мал степен на урнатини и нивен мал процентуален однос спрема слободните површини;

-Степен на проодност на сообраќајниците – сообраќајната мрежа во случај на урнатини се обезбедува со предвиденото прописно растојание меѓу објектите, кои ќе овозможат брз пристап и непречена работа на силите за заштита и спасување. Проодноста на комуникациите помеѓу објектите зависи од нивната катност и растојанија на истите од двете страни на комуникацијата. Одведувањето на меѓусебното растојание помеѓу објектите треба да се врши со предвидена ширина на урнатините која изнесува минимум ½ од висината на соодветните објекти, со што се оневозможува создавањето на т.н. тесни грла на сообраќајниците, како и создавање на зона на тотални урнатини;

• Со наведените урбанистичко-технички мерки се овозможува и примената на оперативните мерки за спасување од урнатини кои опфаќаат мерки и активности за заштита од уривање, извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектот заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

3. Заштита и спасување од технолошко-технички несреќи

Бидејќи во проектниот опфат се предвидени објекти со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија на КП бр.264, КП бр. 267, КП бр. 268/1 и КП бр. 269, К.О. Војшанци, Општина Неготино, во него не се употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра, со оглед на конкретниот вид на дејноста на истите, потребно е согласно член 82 од Законот за заштита и спасување а во врска со член 2 од Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и член

14 од Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари се вградени и се предвидуваат следните превентивни мерки за заштита од технолошко-технички несреќи:

-Примена на техниките нормативи при проектирањето и изградбата на објекти;

-Редовно и прописно одржување на инсталациите и опремата во истите;

-Одржување и заштита на инфраструктурните водови во проектниот опфат;

-Примена на прописи од областа на безбедноста и здравјето при работа и други во зависност од конкретната дејност на објектите.

4. Заштита и спасување од поплави

Мерките со Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа:

-регулирање на водотеците,
-изградба на заштитни објекти,
-одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти,
-набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината,
-обележување на висинските коти на плавниот бран,
-навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје,
-спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје,
-обезбедување на премин и превоз преку вода,
-спасување на загрозените луѓе на вода и под вода,
-црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените,
-обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот
- учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

5.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Планирањето на **заштитата на недвижното културно наследство** е нераскинлив дел на планирањето на економскиот, социјалниот и просторниот развој на одделни подрачја и земјата во целина, а во тие рамки и на просторното и урбанистичкото планирање. Согласно Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04), недвижно културно наследство е поделено на видови: споменици, споменички целини и културни предели.

Доколку при реализација на урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со

одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Р.М бр 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

6.ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Изградбата на новопредвидените градби како и изградбата на сообраќајната и комуналната инфраструктура ќе се изведуваат според важечката законска и подзаконска регулатива, Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ. бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ, број 225/20, 219/21 и 104/22), одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во градежништвото.

Во табеларниот приказ е прикажана градежната парцела со ознака, површина на парцела, површина за градба, бруто развиена површина, процент на изграденост, коефициент на искористеност, основна класа на намена, катност, кота на венец.

Потребите за паркирање ќе се решат во градежната парцела, односно во проектниот опфат.

Во текот на реализацијата на оваа планска документација доколку се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.Весник на Р.М.бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

7. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Република Северна Македонија
Општина Неготино
Градоначалник

[redacted]

До:Петров Тодор
ул..Тиквешко Востание"бр.26
Кавадарци

Број 11-285
Дата 23.09.2020год

ОПШТИНА НЕГОТИНО

Ацо Аџи Илов,бр.2
1440 Неготино
Република Северна
Македонија

Тел. (043) 361- 045
Факс: (043) 361 933

www.negotino.gov.mk
info@negotino.gov.mk

ПРЕДМЕТ: Известување

Во врска со вашето барање бр.11-285 од 23.09.2020 година, за издавање на извод за КП бр.267 КО Војшанци Ве известуваме дека за КП бр.267 КО Војшанци не постои урбанистички план.

Изработил:Виолета Бошкова
Одобрил:Снежана Цветкова

По овластување на Градоначалник
Ивица Златковиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА НЕГОТИНО

НЕГОТИНО

1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА НЕГОТИНО
Број: 11-250 од 25. 07. 2022 год.
Одделение за урбанизам и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 158
ЛУПД: Е2-Комунална Супраструктура на КП 265 м.в.Рудина КО Војшанци, Општина Неготино
Решение: 11-11/18 од 10. 08. 2015 година
Намена на градба: Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија
КО Неготино **КП бр.265_ ГП бр.1.1**
ДЛ бр. / **М = 1 : 1000**

ИЗВОДОТ ЗА КП бр.265_ ГП бр.1.1; КО Неготино; од ЛУПД: Е2-Комунална Супраструктура на КП 265 м.в.Рудина КО „Војшанци " КО Неготино, Неготино

СОДРЖИ:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

а) Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со:
- легенда
- табела со нумерички показатели

б) Заверена копија од други графички прилози со легенда
- инфраструктурен план со легенда
- сообраќаен и нивелациски план со легенда

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

а) Заверена копија од: општите и посебните услови за градење, параметри за споредување на планот, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.

Б) Податоци за постојна инфракструктура и приклучоци
- постоечка улица /
- нема приклучок на водоводна и фекална мрежа
- нема приклучок на НН мрежа

изготвил: _____

контролирал: _____

М. П.

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНА;

_____

ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ И НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ГП 1.1.

ГП		макс. ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА м2	макс. РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА м2	Н макс. ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ		ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ НА ГП - Пи	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ГП - Ки	КЛАСА НА НАМЕНА НА ГРАДБИТЕ			ПАРКИРАЊЕ
БРОЈ	ПОВРШИНА м2			м1	спратност			основна класа на намена	компатибилна класа на намена	максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основните класи на намена	место за паркирање
1.1.	17.659,00	12.361,00	12.361,00	4,5	П	70%	0,70	Е2			
СЕ ВКУПНО:	17.659,00	12.361,00	12.361,00	/	/	70%	0,70				

напомена: Нултата кота на приземје се движи од +-0.00 до +1.20м

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНАТА СОСТОЈБА			
1	ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	17659.00 м2	100 %
2	ЈАВНИ ПОВРШИНИ ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	0,00 м2	0%
3	ВКУПНА ПОВРШИНА НА ГП ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	17659,00 м2	100 %
4	БРУТО ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (под објекти)	12361.00 м2	
5	ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ПО КАТОВИ НАД ТЕРЕНОТ	12361.00 м2	
6	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (просек) - Пи	70%	
7	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ (просек) - Ки	0,70	
8	БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ	1	



ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА , НА КП 265, М.В. РУДИНА, КО ВОЈШАНЦИ, ОПШТИНА НЕГОТИНО

ЛЕГЕНДА:

	граница на плански опфат, P=1.7659 ха
ГГП	граница на градежна парцела
1.1.	нумерација на градежни парцели
РЛ	регулациона линија
VV=....	висина на венец
Г2	Лесна и незагадувачка индустрија
	Сообраќај



УЛИЦА 1 - ЛОКАЛЕН НЕКАТЕГОРИЗИРАН ПАТ -

5,50

164.60	висински коти
T2	Теме
i=3.4%	Нагиб
l= 19.31	Растојание помеѓу темиња
	електрика
	трафостаница

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
СИНТЕЗЕН ПЛАН

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

РАКОВОДИТЕЛ: Јован Ристовски д.и.а. Левче Спасовска д.и.а.		ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 07-12/2014	Арх и Конс Јован дооел - Кавадарци jristovski2000@yahoo.com ул. „Вишенница„ бр 21, Кавадарци Тел. : 043 400- 402
		ИНВЕСТИТОР: СТАФИЛОВ МАРЈАНЧО ПЕТРОВ ТИХОМИР И ДР.	
ПЛАНЕРИ: Јован Ристовски д.и.а. Левче Спасовска д.и.а.		ПЛАН: ЛУПД за Е2- Комунална супраструктура, на КП 265, м.в. Рудина, КО Војшанци, КО Неготино, општина Неготино	
Датум: 06/2015	планска документација СИНТЕЗЕН ПЛАН		
Управител: дип Јован Ристовски		Мера: М=1 : 1000	Лист бр. 2


266
263
267
262
416
264
1.1
265
ВВ=4.5
П
Е2
420/2
улица I
1227/2
420/1
408
431/2
422
423/2
428
429
423/1
432/1
424
420/3
425
R103,25
R100
R97,25
R102,75
R100
R97,25

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА , НА КП 265, М.В. РУДИНА, КО ВОЈШАНЦИ, ОПШТИНА НЕГОТИНО

легенда :

граница на плански опфат, P= 1.7659 ха

УЛИЦА 1 - ЛОКАЛЕН НЕКАТЕГОРИЗИРАН ПАТ -

5,50

164.60 ВИСИНСКИ КОТИ

T2 Теме

i-3.4% Нагиб

l= 19.31 Растојание помеѓу теминьа

електрика

трафостаница

С
СЗ
СИ
З
И
ј3
јИ
ј

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СООБРАЌАЕН, НИВЕЛАЦИЈСКИ И ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

РАКОВОДИТЕЛ: Јован Ристовски д.и.а. Левче Спасовска д.и.а.		ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 07-12/2014 ИНВЕСТИТОР: СТАФИЛОВ МАРЈАНЧО, ДЕТРОВ ГОЈОВ, И ДР.	Арх и Конс Јован дооел - Кавадарци jristovski2000@yahoo.com ул. „Виножитото", бр 21, Кавадарци Тел. +043 400-402
ПЛАНЕРИ: Јован Ристовски д.и.а. Левче Спасовска д.и.а.		ПЛАН: ЛУПД за Е2- Комунална супраструктура, на КП 265, м.в. Рудина, КО Војшанци, КО Неготино, општина Неготино	
Датум: 06/2015		планска документација СООБРАЌАЕН, НИВЕЛАЦИЈСКИ И ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН	
Управител: дип Јован Ристовски		Мерка: M=1 : 1000	Лист бр. 3

- **Мерки за заштита и спасување**

Планскиот опфат во овој ЛУПД за Е2 – Комунална супраструктура, на КП 265, м.в. Рудина, КО Војшанци, Општина Неготино, се простира со површина од 1.7659 ха на КП 265, м.в. Рудина, КО Војшанци, и истиот го дефинираат следните граници:

Граници на планскиот опфат се:

- на север – КП 266, м.в. Рудина, КО Војшанци,
- на исток – локален пат
- на југ – локален пат
- на запад – КП 264 и КП 267, м.в. Рудина, КО Војшанци,
- површина на планскиот опфат изнесува 1,7659 ха.

Предметната локација се наоѓа североисточно од село Војшанци на надморска височина од околу 165 м.

Согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01, бр,.05/03, бр.58/06 и 110/08), Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, бр.49/04, бр.86/08 и 124/10, 18/11 и 93/12 – Пречистен текст), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите и проектите како и при изградба на објекти и инфраструктура, а начинот на примена со Уредба го уредува Владата.
Мерките за заштита и спасување се базираат и врз основа на писмото од Дирекцијата за заштита и спасување заведено под бр. 10-105/2 од 21.08.2014 од каде заштитата и спасување треба да биде согласно критериумите на член 32 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр: 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10 , 18/11 и 93/12 – Пречистен текст), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр: 67/04), Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр: 31/06) Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр: 32/06) и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа област.
Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.
Заштитата и спасување треба да биде согласно критериумите на член 54, член 72, член 74, член. 82, член, 87 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр: 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 93/12), и Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04) , и др. позитивни прописи со ко се регулира оваа област.
Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на планскиот опфат.

- ***Мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи***

При изработката на Локалната урбанистичка планска документација се предвидени пропишани мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр: 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10, 18/11, 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр: 67/04), Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр: 31/06) Правилникот за

мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр: 32/06) и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа област

Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

брз и непречен пристап до градбите;

градбите се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали,

Со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на да се овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни.

Сообраќајниците се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила, (ширина на коловоз од 7,0м и радиуси од 12м)

Обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар

Предвидената сообраќајна инфраструктура, со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот овозможуваат непречена интрвенција на противпожарните возила. Падот на улиците е со мали вредности и е погоден за одвивање сообраќај на тешки возила. При изработка на Архитектонско - Урбанистички проект, во корелација со концептот за технолошката шема на производство да се овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за секоја поединечна градба, каде обавезно ќе се реши и громобранската инсталација на предвидените објекти со цел да нема појава на зголемено пожарно оптеретување.

Со планирање на хидрантската мрежа за секоја градежна парцела во Основните проекти да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар, соодветна надворешна и внатрешна хидрантска мрежа.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожар или на нив се приклучsваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е прстенаст систем на цевоводи со минимален пречник ф80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од ф80мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80мм.

Хидрантите да се поставуваат на меѓусебно растојание од 80-150м.

Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бари.

На растојание од 20,0км постои противпожарна станица.

- ***Мерки за заштита и спасување од урнатини***

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирање на просторот. Во урбанистичкиот план е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците, врз основа на што е изработено планираното решение.

Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 8^0 по МЦС скалата.

При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини.

Се предвидува асеизмична градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)
брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
непречена интервенција во кругот на катастрофата,
штетите да се сведат на минимум,
брза санација на последиците.
За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.
Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на објектите, како составен дел на Основниот план. Потребни се геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања на теренот.
Согласно член 61 и 81 од Законот за заштита и спасување треба да се земе во обзир и мерката Заштита и спасување од урнатини која е регулирана со чл.7, чл. 8, чл.9, чл 10 и чл.11 од Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини (Сл. Весник на РМ бр. 98/2005).
Превентивни мерки за спасување од урнатини се применуваат на објекти кои можат да бидат изложени на разни дејствија кои предизвикуваат урнатини, како сто се природни непогоди, технички катастрофи и воени дејствија. Изложеноста на објектите на дејствија кои предизвикуваат урнатини се утврдува во Процена на загрозеност.
Предметниот плански опфат е со низок степен на загрозеност.

- Сите предвидени објекти треба да бидат статички стабилни, изградени во склад со важечките стандарди во градежништвото.
- Предвидените градежни линии кон улиците и кон соседите се на прописно растојание, што значи во случај на урнатини нема да бидат загрозени соседни објекти, или пак проодноста на сообраќајниците или тесни грла кај нив.

- ***Мерки за заштита и спасување од поплави***

Со оглед на конфигурацијата на теренот на планскиот опфат во обзир треба да се земат можните поплави како последица на екстремни поројни дождови, заради што треба да се планира прописна сообраќајна мрежа и изведба на прописна канализација за одвод на атмосферски води. Од овие причини треба при реализација на градбите односно изработката на Основните проекти на објектите да се земат во обзир можните поплави како последица на екстремни поројни дождови.
Соглано чл. 67 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр: 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12) за предметниот плански опфат се предвидува атмосферска канализација со прописно регулирање на прифаќањето и одводнувањето на атмосферските води од планираните и постоечките улици.

- ***Мерки за заштита од технолошки катастрофи***

Нема можности за технолошкте катастрофи, со оглед на намената на просторот Г2 – лесна и незагадувачка индустрија.
Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации.
Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води.
Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во-

јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања се сведени на минимум.

Инфраструктурните водови мора да се постават во сè према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.

6. Економско образложение

Со Правилникот за поблиска содржина на урбанистичките планови, се бара да се изработи економско образложение преку кое ќе се прикажат севкупните вложувања и нивната оправданост. Тоа значи дека треба да се појаснат трошоците за документација, расчистување на земјиштето, изградба на инфраструктурата и уредувањето на јавните површини.

Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.

Реализацијата на планските решенија, односно изградбата на просторот ќе се одвива во согласност со Основните проекти, за секоја градежна парцела посебно.

Атрактивноста на просторот со оглед на намената на површините за градба се карактеризира со голема фреквентност на луѓе што дополнително придонесува за поголемо вреднување на планските решенија кои се предмет на аналитичкиот осврт за изработка на економско образложение на планските решенија во Урбанистичкиот план.

Во економската валоризација на Планот свој удел има определба за примена и користење на најсовремени висококвалитетни природни и еколошки материјали при изградбата на објектите, со цел максимална термичка и звучна изолација и заштеда на енергија.

Изградбата и ставањето во функција на предвидениот стопански комплекс , ќе обезбеди остварување директни или индиректни економски ефекти на локалното население во општината.

Ефектуирањето на економската вредност на Планот отпочнува со реализација на предвидените инвестиции засновани на планските решенија преку изградба на објектите предвидени со Планот.

7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и

градбите

За целосно да се реализира концептот на Локална урбанистичка планска документација за Е2 – Комунална супраструктура, на КП 265, м.в. Рудина, КО Војшанци, Општина Неготино потребно е да се запазат и почитуваат сите предвидени мерки, насоки и услови со кои се регулира изградбата на објектите и уредувањето на јавните површини во планскиот опфат заедно со другите инфраструктурни објекти и останатите содржини, кои произлегуваат од овој документ и тоа:

- Изградбата на сите објекти и инсталации од комуналната инфраструктура, како и целокупното уредување на предметниот локалитет, треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи од областа на урбанизмот, архитектура и градежништвото, а во согласност на Локална урбанистичка планска документација за Е2 – Комунална супраструктура, на КП 265, м.в. Рудина, КО Војшанци, Општина Неготино, фотоволтна електро централа, како и овие Општи и Посебни услови, што се составен дел на Планот.
- Регулационата линија го разграничува земјиштето на планскиот опфат и градежните парцели од земјиштето наменето за општ интерес, јавни сообраќајни и други површини.
- Градежната линија ја одредува максималната површина за изградба на објектот. Градежната линија представува пресек на вертикалната рамнина од најистурениот дел на планираниот објект со рамнината на теренот освен стреата.
- Сите нумерички податоци во графичките прилози се орентациони (графички очитани).
- Максималната висина за изградба е дефинирана како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри, согласно член 44 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14, 148/14).
- Површината за градба е дефинирана со градежни линии дадени со планот во зависност од намената на објектите како и параметрите дефинирани со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14, 148/14)
- Коефициентот на искористеност и процентот на изграденост се дефинирани во зависност од намената на објектот, согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14, 148/14)

- Основните решенија за инфраструктурата се дадени на подлоги со прикажана проекција. Бидејќи се работи за основни решенија сите елементи дадени во инфраструктурниот план се менливи доколку проектите од пониско ниво се покажуваат како поопправдани, поекономични или условени од аспект на време на реализација на решенија.
- Со овој план ЛУПД се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето, дефинирањето е согласно член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14, 148/14)

1. ИНФРАСТРУКТУРА (група на класа на намена **Е**)

- Комунална супра структура – Е2 - фотоволтна електро централа

8. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите

Основа за изработка посебни услови за изградба, како одредби кои се издаваат со Извод од планот за секоја градежна парцела, е Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.Весник на Р.М. број 78 /06, 37/14) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М. број 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14, 148/14), специфичноста на планскиот концепт во планскиот опфат, како и планско-проектните барања.

Посебните услови за изградба во оваа планска документација се однесуваат на градежната парцела во планскиот опфат и тоа

- Во текот на реализација на овој План, доколку се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на РМ, бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на член 129 од Законот.
- Согласно Мислењето од Дирекцијата за заштита и спасување и Законот за заштита и спасување член 51 и 54 (Сл. Весник на РМ, бр. 36/04) при издавање на одобренија за градба во планскиот опфат да биде извршено расчистување на теренот од МЕС и

други МТС и како вметнување детална хидрантска и патна мрежа за наведениот локалитет. Исто така да биде доставен Елаборат согласно Законот за заштита и спасување член 39, и пред отпочнување на изградбата да се вклучи лице од ПОЕ за ЗИС Кавадарци заради избегнување на несакани последици.

- Законска обврска е неопходно да се почитуваат мерките за заштита на животна средина при издавање одобрение за градба, како и при изготвување основниот проект за градба или комплекс кој припаѓа во локалитетот кој е предмет на Планот, согласно Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11).
- Законски треба да се почитуваат мерки за заштита и спасување при изработка на проектна документација, согласно Законот за одбрана (Сл. Весник на РМ, бр. 42/01), Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ, бр. 29/05, 36/11)
- При изработка на проектната документација во целост да се почитува Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14, 148/14)

8.1. Посебни услови за градба од доменот на комунална инфраструктура

- Од аспект на електроенергетика, начинот на приклучување и техничките елементи ќе бидат дефинирани од стручните служби на ЕВН Македонија.

8.2. Посебни услови за градба од доменот на сообраќајна инфраструктура

- Секоја градба сообраќајно да биде поврзана со секундарна улична мрежа во ниво.

Посебните услови се однесуваат посебно за предметната градежна парцела:

Градежна парцела 1.1

основна класа на намена:

- Комунална супраструктура – Е2, како основна намена (фотоволтна електро централа);

компатиби класи на намена на основната класа на намена - нема

Површина на градежна парцела	17659 м^2
површина за градба на приземје	12361 м^2

Мах. Процент на изграденост (Р)	70%
Мах. Коефициент на искористеност	0,70
Мах. број нивои	П
Мах. висина до венец	4,5

Влез од улица 1

Изработка на Архитектонско урбанистички проект за ГП **1.1** и тоа согласно на член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник број. 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14). - Површината за градба ќе се разработи со архитектонско-урбанистички проект, во кој ќе се дефинира габаритот на панелите, при што површината под објекти не треба да поминува 70%, растојанијата меѓу нив, зеленило.

Б - нумерички дел -

1. Нумерички показатели на планираната состојба

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНАТА СОСТОЈБА			
1	ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	17659.00 м2	100 %
2	ЈАВНИ ПОВРШИНИ ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	0,00 м2	0%
3	ВКУПНА ПОВРШИНА НА ГП ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	17659,00 м2	100 %
4	БРУТО ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (под објекти)	12331.00 м2	
5	ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ПО КАТОВИ НАД ТЕРЕНОТ	12331.00 м2	
6	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (просек) - Пи	70%	
7	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ (просек) - Ки	0,70	
8	БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ	1	

2. Билансни показатели

Во биланските показатели споредбено се систематизирани нумеричките вредности на планските решенија од планската документација со нумеричките вредности од постојната состојба во документационата основа.

Намената на површините во планот се распоредени како следи:

1. Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија ---------- ------17659,00м2 (100 %)
2. Е1 - СООБРАЌАЈНИЦИ ---------- 0,00м2 (0 %)

ВКУПНО: 17659,00 м2 (100,00%)

- Нумеричките вредности од документациона основа се незначителни, заради тоа што планскиот опфат е неизграден:

1. ПОВРШИНА НА КП (неизградени) ------- 17659,00м2 (100%)
3. Е1 - СООБРАЌАЈНИЦИ ---------- 0,00м2 (0 %)

ВКУПНО: 17659,00 м2 (100,00%)

работниот тим:

Левче Спасовска, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0349
Јован Ристовски, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0350

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА НЕГОТИНО
Број: 11-249 од 25. 07. 2022 год.
Одделение за урбанизам и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 157
УП: за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-Површински соларни и фотолтаични електрани на КП 431/1, дел од КП 431/2, КП 432/1, КП 432/2,КП 432/3,КП 432/4 МВ Рудина,за КО Војшанци,Општина Неготино
Потврда број: 11-219/10 од 26. 07. 2021година
Намена на градба: Е1.13- - Површински соларни и фотоволтаични електрани
КО Неготино КП бр.431/1, дел од КП 431/2, КП 432/1, КП 432/2,КП 432/3,КП 432/4 МВ Рудина
ДЛ бр. / М = 1 : 1000

ИЗВОДОТ ЗА КП 431/1, дел од КП 431/2, 432/1, 432/2, 432/3, 432/4 М.В.Рудина за КО Војшанци КО Неготино ; Општина Неготино,

СОДРЖИ:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

а) Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со:
- легенда
- табела со нумерички показатели
- инфраструкурен план со легенда
- сообраќаен план со легенда

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

а) Заверена копија од: општите и посебните услови за градење, параметри за споредување на планот, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.

Б) Податоци за постојна инфракструктура и приклучоци
- постоечка улица /
- нема приклучок на водоводна и фекална мрежа
- нема приклучок на НН мрежа

изготвил: _____

контролирал: _____

М. П.

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНА:

_____

261
432/4
431/2
432/1
432/3
431/1
432/2
433
430
227/2
Улица - 1
E-1.13
H=12м
П

ЛЕГЕНДА:

Г.П.О. — ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГГП — ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

(1) БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

H=12м ВИСИНА НА ВЕНЕЦ

НАМЕНА

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани
Е1.8 - Трафостаница

СООБРАЌАЈ

ПРИСТАПЕН ПАТ

ОСОВИНА НА СООБРАЌАЈНИЦИ

ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈ

ИНФРАСТРУКТУРА - планирана

ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

ПЛАНИРАН НН КАБЕЛ (ПОДЗЕМЕН ВОД)

УЛИЦА „1"
ПРЕСЕК
1 - 1

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ											
Број на градежна парцела	Група на класа намена	Основна класа на намена	Компатабилни класа на намена по однос на основната класа на намена	Површина на градежна парцела м²	Површина за градење м²	Развиена површина по катови (м²)	Максимална висина	Катност	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност	Паркирање
1	Е	Е1.13	Е1.18	20986	12592	12592	12,00	П	60	0,6	Согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр. 225/20)
ВКУПНО:				20986	12592	12592					

	СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ	Постојна состојба	Планирана состојба
1	Плански опфат(м²)	20986	20986
2	Број на градежни парцели	/	1
3	Површина на приземје (м²)	/	12592
4	Развиена површина по катови (м²)	/	12592
5	Процент на изграденост	/	60%
6	Коефициент на искористеност	/	0,6

P=1:1000 0 10 20 40 100

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ
ПАРАМЕТАР
лиценца бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачател:
ДТЕИ Ивал Трејд Доо Штип

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

за формирање на градежна парцела со намена
Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани на
КП 431/1, дел од КП 431/2, КП 432/1, КП 432/2, КП 432/3, КП 432/4,
МВ Рудина, за КО Војшанци, општина Неготино

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ д.и.а.
соработници:
ИГОР СУГАРЧЕВ диа
САШО АНДРИЈЕВСКИ миа
ДИМИТАР СТЕФАНОВСКИ арх

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ

правител: МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ

тех.број 04-263/2020

РАЗМЕР: 1:1000
ДАТУМ: СКОПЈЕ, МАЈ 2021

лист број 1


722/2
261
431/2
432/4
E1.13
H=12м
432/1
432/3
431/1
432/2
433
430
48/1
ГП=ГПО

ЛЕГЕНДА:

Г.П.О. - ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

(1) - БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

РЛ - РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГГП - ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ГЛ - ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА НА ГРАДБИ

- СООБРАЌАЈНИЦИ

162.30 - НИВЕЛМАНСКА КОТА

- ЕЛЕКТИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ

- АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

- ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ВОДОВИ

- ТРАФОСТАНИЦА

C

P=1:1000 0 10 20 40 100

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ
П А Р А М Е Т А Р
лиценц бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачател:
ДТЕИ Ивал Трејд Доо Штип

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

за формирање на градежна парцела со намена
Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани на
КП 431/1, дел од КП 431/2, КП 432/1, КП 432/2, КП 432/3, КП 432/4,
МВ Рудина, за КО Војшанци, општина Неготино

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ д.и.а.
соработници:
ИГОР СУГАРЧЕВ диа
САШО АНДРИЈЕВСКИ миа
ДИМИТАР СТЕФАНОВСКИ арх

Инфраструктурен план

управител: МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ

тех.број
04-263/2020

РАЗМЕР: 1:1000
ДАТУМ: СКОПЈЕ, МАЈ 2021

лист број
5


422/2
166.56
166.40
261
431/2
432/4
1
ЕТ.13
H=12м
П
432/1
432/3
432/2
431/1
433
430
348/1
ГП=ПО

ЛЕГЕНДА:

Г.П.О. - ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

(1) - БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

РЛ - РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГГП - ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ГЛ - ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

- СООБРАЌАЈНИЦИ

- ОСОВИНИ

СООБРАЌАЈ

ПРИСТАПЕН ПАТ

ОСОВИНА НА СООБРАЌАЈНИЦИ

ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈ

УЛИЦА „1"
ПРЕСЕК
1 - 1

2.5

C

P=1:1000 0 10 20 40 100

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ
П А Р А М Е Т А Р
лиценца бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачател:
ДТЕИ Ивал Трејд Доо Штип

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

за формирање на градежна парцела со намена
Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани на
КП 431/1, дел од КП 431/2, КП 432/1, КП 432/2, КП 432/3, КП 432/4,
МВ Рудина, за КО Војшанци, општина Неготино

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ д.и.а.
соработници:
ИГОР СУГАРЧЕВ диа
САШО АНДРИЈЕВСКИ миа
ДИМИТАР СТЕФАНОВСКИ арх

Сообраќаен план

управител: МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ

тех.број 04-263/2020

РАЗМЕР: 1:1000
ДАТУМ: СКОПЈЕ, МАЈ 2021

лист број **4**

3. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

3.1 ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Регулациона линија е граница меѓу градежното земјиште за општа употреба и градежното земјиште парцелирано на градежни парцели, наменети за поединечна употреба. Регулационата линија е линија која разграничува јавно од приватно земјиште, во овој случај ја разграничува градежната парцела од пристапната улица.

Во графичките прилози означена е регулационата линија со детално котирање на растојанија до градежните линии.

Граница на градежна парцела е регулаторна линија со симетрично правно дејство и просторни последици: од двете страни на вертикалната површина по која се протега просторната граница на регулацијата се наоѓа земјиште за поединечна градба чиишто носители на правото на градба имаат по правило исти и меѓусебе симетрични права што треба да гарантираат колку што може порамноправен и хармонизиран планерски третман на соседните градежни парцели.

Градежна парцела е основна, најмала и неделива единица на градежното земјиште која во урбанистичкото планирање претставува најмала површинска единица за планирање на просторот во која се врши деталната агрегација на податоците, урбанистичките параметри и планските одредби од урбанистичкиот план.Овој урбанистички проект се изработува за формирање на градежна парцела на КП 431/1, дел од КП 431/2, КП 432/1, КП 432/2, КП 432/3, КП 432/4 КО Војшанци, општина Неготино.

Градежна линија е планска одредба со која во урбанистички план и урбанистички проект се уредува границата во градежната парцела до која е дозволеното простирањето на планираната градба односно ја дефинира просторната диспозиција на површината за градење во градежната парцела, а со тоа и просторната диспозиција на идната градба.

Површините за градење се во корелација со градежните линии и се дефинираат со овој урбанистички проект за секоја градба посебно, во рамките на дозволените Коефициенти на искористеност (К) и Проценти на изграденост на земјиштето (Р).

Во графичките прилози означена е градежната линија со детално котирање на растојанија до границата на градежната парцела и до регулационата линија, согласно член 99, 100 и 101 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20).

Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се одредува површината од градежно земјиште односно делот од градежната парцела кој се предвидува за градење на градба. Површина за градење е дел од градежната парцела ограничен со градежна линија.

Оградувањето на градежната парцела дефинирана со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена ГЗ -

сончеви електрани (фотоволтаични плантажи) на КП 431/1, дел од КП 431/2, КП 432/1, КП 432/2, КП 432/3, КП 432/4, МВ Рудина, за КО Војшанци, Општина Неготино, ќе биде во согласност со член 113 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20).

Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која во урбанистички план ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.

Во процентот на изграденоста невлегуваат површините на подземните градби.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето во урбанистички план се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

Максимална височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап.

Се дозволува градење под земја во граници на површината на градење, дефинирана со урбанистичкиот проект, со употреба на соодветни материјали и технологија на изградба.

Паркирањето Паркирањето ќе се решава во рамките на градежната парцела. Паркирањето првенствено да се реши во сопствената парцела со почитување на потребен број на паркинг места како основен услов за изградба на максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20).

Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е услов за изградба на дозволената површина за градење, катноста, максималната висина, како и искористување на дозволениот процент на изграденост и коефициент на искористеност.

Наменска употреба на земјиште

Со урбанистичкиот проект намената на земјиштето се дефинира во рамките на група на класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани. Предвидена е компатибилна намена Е 1.8 – Трансформаторска станица.

Сообраќај

Пристап до парцелата е обезбеден од постоечки земјен пат, од североисточната страна. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20).

Водовод и канализација

До границите на планскиот опфат не постои изградена водоводна и канализациона мрежа, а и согласно намената на објектот нема потреба од истите.

Електро-енергетска мрежа

На локацијата опфатена со урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани на катастарските парцели КП 431/1, дел од КП 431/2, КП 432/1, КП 432/2, КП 432/3, КП 432/4, МВ Рудина, за КО Војшанци, Општина Неготино, планирана е трафостаница 10(20)/0.4 kV, 1250 kVA. На нисконапонската страна од оваа трафостаница ќе се приклучи фотоволтната електро централа. Со кабелска врска 20 kV, трафостаницата ќе се приклучи на среднонапонската мрежа на столбот од далеководот кој поминува во близина на локацијата, на оддалеченост од околу 150m.

Фото волтните модули инсталирани на металната рам конструкција треба да се смести во расположивиот простор на начин истиот рационално да се искористи.

3.2 Посебни услови за градење

Во градежната парцела број 1, која е со вкупна површина од **20986 м^2** (2,09ха), предвидена е максимална површина за градба од **12592м^2**. Процентот на изграденост е **60%**, а коефициентот на искористеност **0,6**.

Класа на намена: намена Е- Инфраструктура, односно Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, предвидена е компатабилна класа на намена Е1.8 - Трансформаторска станица.

Предвидена е максимална висина од **12м**.

Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во склоп на градежната парцела, утврдени согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр. 225/20).

Пристапот во градежната парцела е од улица „1 ".

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

4.1 Заштита на животна средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно но природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина. Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина. Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ. Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата и т.н. Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Закон за животната средина (Сл.в. на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, .83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области: Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Локалната урбанистичка планска документација, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животната средина и подзаконските акти донесени врз основа

на овој закон. Исто така потребно е да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот. Планирање на современа инфраструктура и нови технологии.

4.1.1 Заштита на почвата и подземните води

Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација. Фекалните отпадни води преку затворен систем на канализациони цевки ќе се одведуваат во компактна пречистителна станица изградена во рамките на градежната парцела, од која пречистени отпадни води до пропишениот степен на чистота може да се испуштаат во попивателни бунари. Атмосферските води од поплочаните партерни површини и од објектите преку затворен систем на атмосферска канализација ќе се одведуваат во попивателни бунари со претходнен нивен третман во сепаратори на масти за нивно пречистување до потребниот степен на чистота.

4.1.2 Заштита од бучава

Емисијата на бучава кон околината треба да биде во рамките на пропишаните гранични вредности. Прашањето за намалување на проблемите на бучавата треба да се решава со обезбедување на заштитен зелен појас по должина на сообраќајниците и формирање на зелени коридори.

4.2 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04 и 81/07) и Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ" бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остварува преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед. Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

4.2.1 Заштита од природни и технолошки хаварии

Врз основа на загрозеноста на регионот од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот на локалитетот и неговите физички структури. Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

4.2.2 Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Во Просторниот план на Република Македонија е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на улиците, врз основа на што е изработено и планираното решение. Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во

иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8о по МЦС. Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економскотехнички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите. За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбите да се градат според параметрите и критериумите за сеизмичка градба. Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува: - брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла) - брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила - непречена интервенција - штетите да се сведат на минимум - брза санација на последиците.

4.2.3. Мерки за заштита од пожар

Влез во предвидената градежна парцела е обезбеден, со што се обезбедени и услови за пристап на противпожарни возила. Минималните растојанијата на новите градби до границата на парцелата треба да изнесуваат ½ од висината на градбата која гарантира сигурност и заштита од ширење пожар од една на друга градежна парцела. При планирањето почитуван е Законот за заштита и спасување, како и Законот за пожарникарство. Инвеститорот е должен во постапката на добивање одобрение за градење да достави елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за ЗПЕОМ.

4.2.4. Мерки за заштита од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на вода од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата. При изработката на проектната документација за изградба на објектите да се предвидат потребните технички мерки за заштита од поплави како што се : Нивелирање на партерните површини во рамките на парцелата со падови кои ќе овозможат непречено одведување на атмосферските води. Поставување масивни оградни зидови кои ќе спречат продор на поројни води во локацијата, како и други технички мерки по согледување на проектантите а во согласност со важечките технички прописи.

4.3 Обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

За обезбедување услови за движење на лица со инвалидитет важат истите одредби од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17). При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за

спечување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на лица со инвалидитет.

Површината за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади каде што карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, треба да се со контируирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмалку 8,33%. Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, со урбанистчки план треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12. Рампата мора да е за двосмерно движење на лица со колички при што нејзината најмала ширина треба да е 1,65м, а оптимална 1,8м.

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани и водови за пренос на електрична енергија на КП 264, КП 267, КП 268/1 и КП 269,

КО Војшанци

ОПШТИНА НЕГОТИНО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y05421

Скопје, мај 2021

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани и водови за пренос на електрична енергија на КП 264, КП 267, КП 268/1 и КП 269,

КО Војшанци

ОПШТИНА НЕГОТИНО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Неготино

Тех. бр. Y05421

Раководител на задачата:
м-р Кристина Николовска, д.и.а.

Координатор:
Срѓан Дурлевиќ, д.ш.и.

Помошник раководител на сектор за ИТ и инфраструктура:
м-р Соња Георгиева Депинова, д.г.и.

Агенција за планирање на просторот

Директор

_____

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, мај 2021

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани и водови за пренос на електрична енергија на КП 264, КП 267, КП 268/1 и КП 269 КО Војшанци, **Општина Неготино**

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето Просторниот план се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Сл. весник на Република Македонија", бр. 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените

места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон.

За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за услови за планирање на просторот**.

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани и водови за пренос на електрична енергија на КП 264, КП 267, КП 268/1 и КП 269 КО Војшанци, Општина Неготино.

Површината на опфатот изнесува 1,92 ha и зафаќа земјоделско земјиште нива IV и V класа и пасиште IV класа.

Во непосредна близина на опфатот се издадени:

- Измена и дополна на услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план за вон населено место со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура за изградба на фотоволтаична централа и придружни содржини, КО Војшанци Општина Неготино со тех.бр. Y 02415i
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 434/1, КП 431/2, КП 432/2, КП 432/3, КП 432/4, м.в. Рудина, КО Војшанци, Општина Неготино со техн.бр. Y14820.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија**.

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.**

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локациите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство **и лоцирање на актив-ности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.** Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодивер-зитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



0 0,225 0,45 0,9 Km

1:15.000

Општинска граница

Катастарска граница

Фотоволтаична централа-Y02415i

Површински соларни и фотоволтаични електрани-Y14820



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Условите за планирање на просторот се наменети во КО Војшанци, Општина Неготино. Предметната локација се наѓа североисточно од населено место Воишанци на надморска височина од 170 м

Областа Тиквеш и Повардарие каде е лоцирана предметната локација се наоѓа под влијание на медитеранска клима која продира од југ преку Демир Каписка клисура и на континентална клима која продира од север преку Велешка котлина.

Судирот на две различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следни карактеристики: просечна годишна температура на воздухот 13,5°C; највисока просечна месечна температура - јули, август; најниска просечна месечна температура - јануари 1,4°C; годишна средномесечна температура над 0°C; број на мразни денови (под 0°C) 58,4 дена; средно траење на мразен период - 112 дена; температурна амплитуда 58,6°C, односно апсолутна максимална температура 41,8°C и апсолутна минимална температура -17,8°C.

Должина на траењето на сончевиот сјај (осончување) годишно за Средно Повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули и август.

Плувиометриските анализи покажуваат дека ова подрачје е лоцирано во најсушното подрачје во Републиката со следни карактеристики: просечна годишна сума на врнежи – 437mm, максимална сума на врнежи по месеци - 61,2mm - октомври, минимална сума на врнежи по месеци - 47,5mm - мај, поројни врнежи од локален карактер - мај до септември, дневен максимум – 97mm. Просечна годишна влажност на воздухот е 71%. Просечен број на ведри денови е 118 дена, облачни 153 и тмурни 94 дена.

Интензитетот на дневниот максимум условува создавање на големи поројни води кои создаваат посебни проблеми во градот.

Снежниот покривач се јавува од декември до март или вкупно 71 ден просечно годишно, а стварниот број на денови со снежен покривач изнесува 21 ден. Максимално регистрирана висина на снежниот покривач достигнува 93cm.

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките северозапад исток и југоисток.

Струењата од северозападна насока имаат следни особености: просечна годишна честина 168‰, просечна брзина 2,0m/s максимална јачина 7 бофори.

Струењата од исток имаат следни карактеристики: просечна годишна честина 142‰, максимална јачина 9 бофори, просечна брзина 3,6m/s. Во пределот најголеми се тишините кои изнесуваат 425‰.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Неготино со гравитационо влијание врз планскиот опфат на локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот.

Половите на развој ги формираат оските на развојот детерминирани од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, теченијата на реките и слично, а во современите текови позначајни се деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за Општината на чиј простор припаѓа планскиот опфат за кој се наменети Условите за планирање се "Јужната развојна оска" и оската "Север-Југ". Развојната оска "Север-Југ" минува по средината на територијата на земјата и го следи од Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: Куманово - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

Во нашата држава постои и оската која би можела да се нарече "Јужна", макар што како таква досега е ретко споменувана. Таа ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип – Кочани - Делчево и продолжува кон Благоевград во Р Бугарија. На запад продолжува кон

Елбасан-Р Албанија. Нема големи изгледи да стане меѓународна, но внатре во земјата таа поврзува значајни полови на развој.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за алокација на производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на развојните фактори.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.

Изградбата на предвидените соларни и фотоволтаични електрани и водови за пренос на електрична енергија, КО Војшанци, Општина Неготино на површина од 1,92 ha, ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од 1,92 ха наменета за изградба на соларни и фотоволтаични електрани и водови за пренос на електрична енергија.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;

- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
